Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Република Северна Македонија
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
Republica e Maqedonisë së Veriut
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
Бр. № 01-1602/1
29. 12. 2022 20___ год./viti
Скопје - Shkup

Бр. 02-3121/2
Датум 29.12.2022г

ПРЕТХОДЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА НА СИСТЕМИТЕ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГЕНЕРИЧКИ ОБУКИ ЗА ИНСПЕКТОРИТЕ ОД ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ

Скопје, Декември, 2022 година

## С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| ПРЕТХОДЕН ИЗВЕШТАЈ | |
| 1. Резиме | |
| 1.1 Вовед и општи информации | 3 |
| 1.2 Главни заклучоци | 3 |
| | 3 |
| 1.3 Главни препораки | |
| 2. Вовед | 4 |
| 3. Опис на системот | 4 |
| 4. Наоди и препораки | 6 |
| | 7 |

## 1. Резиме

### 1.1 Вовед и општи информации

Извршена е ревизија на системите за внатрешна контрола при реализација на генерички обуки за инспекторите од инспекциските служби.
Ревизијата е извршена согласно Годишниот план за извршување на внатрешна ревизија за 2022 година.
Во рамките на ревидираната област опфатени се прашања од законската рамка на ЗИН, креираните на Годишна програма за генерички обуки на инспектори за наредна година, практична реализација на планираните обуки со нивна успешност при спроведување на законските обврски.
Проверката на наведените области и нивните цели е извршена со примена на методи како што се интервјуа со надлежни вклучени во процесот, пеглед и анализа на регулатива и документи, надгледување, истражување и друго.
Целта на ревизијата е преку анализа да се процени регуларноста и функционалноста на системите при креирање и практична примена и реализација на планираните обуки поединечно по инспектор се со цел обезбедување едукација на соодветна едукација на инспекциските служби и обезбедување на ефикасно, ефективно и економично работење при спроведување на инспекциски надзор.
Состојбите што се прикажани во овој извештај се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на утврдените состојби и креирање на јасни и реални препораки кон надлежните лица кои ја покриваат оваа област и кои треба да ги спроведат.
Според непосредниот увид на обезбедената документација, интервјуата со одговорните лица, сумираните резултати, извршената анализа и проценка при примената на донесените законски акти, преземени се мерки и активности за реализација на пропишаните законски обврски во однос на планирање и реализација на генерички обуки на инспекторите.

### 1.2 Главни заклучоци

Констатирано е дека во пракса се спроведуваат активности за стручно усовршување и обука на инспекторите од страна на Инспекциски совет и инспекциските служби, со носење на Годишна програма за генерички обуки на инспектори врз основа на која се носи Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор во наредната година подготвен од надлежните во инспекциските служби и останати активности во однос на обезбедување на соодветни едукативни човечки ресурси, но нема донесен интерен акт во ИС со детален опис на целокупниот процес со дадени овластувања и одговорности при спроведување на законски пропишаните активности.

### 1.3 Главни препораки

Ревизијата препорачува надлежните во ИС кои се вклучени во процесот за стручно усовршување и обука на инспекторите да преземат активности за подготовка на интерен акт со кој детално ќе се опише целокупниот процес од планирање до реализација на генеричките обуки, со дадени соодветни насоки, овластувања и одговорности при спроведување на законски пропишаните активности, се цо цел за ефикасно и ефективно извршување на пропишаните координативни работи во самиот процес и економично користење на буџетските средства.

## 2. Вовед

Ревизијата е извршена по Овластување бр. 02-3121/1 од 21.10.2022 година издадено од претседателот на Инспекциски совет, согласно Годишниот план за извршување на ревизија за 2022 година.

Предмет на овој извештај се системите за внатрешни контроли при реализација на потребните генерички обуки на инспектори за секоја нареднагодина согласно ЗИН. Главна цел е утврдување дали системите за внатрешна контрола обезбедуваат ефикасна реализација на потребните генерички обуки на инспектори и обезбедување развој на професионални и компетентни инспектори за непречено спроведување на законските и подзаконските акти во дадените области во кои вршат надзор.

Ревизијата е започната со подготвување на План и Програма преку анализа на состојби содржани во процесите на пропишување и постапување по донесената регулатива за донесување на Годишна програма за генерички обуки на инспекторите, поддршка на обуката на инспекторите од инспекциските служби од страна на Советот, Годишниот план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор во наредна година, со вклучување најмалку три генерички обуки од Годишната програма и останати активности.

Во планот и програмата, ревизијата ги идентификуваше постапките, Годишната програма за генерички обуки, Годишниот план за стручно усовршување и обука за секој инспектор, информациите и останати референтни документи значајни при спроведување на законските активности и мерки во однос на генеричките обуки на инспектори во инспекциските служби.

Преку интервјуата со одговорните лица се запознавме со клучните процеси и активности што се спроведуваат при организирање и спроведување на наведените обуки за инспектори, како и мерките што се преземаат за воспоставување контролни механизми и елиминирање или ублажување на ризици што можат да се појават.

Преку проверка на електронски добиената и одредена хартиена документацијата за периодот од 2021 година од страна на одговорните во советот, утврдено е дека со донесување на Законот за инспекциски надзор воспоставен е целосно нов систем за развој и управување со инспекторите на централно ниво. Со ваквиот систем воспоставени се активности за обука на инспекторите и овозможување на континуиран развој на професионални и копетентни инспектори за успешно

спроведување на законските и подзаконските акти во државата. Преку воспоставениот Електронскиот систем овозможено е електронско следење на обуките, самојстојно учење на поставени прирачници, обуки и квизови за проверка на знаењето, како и генерирање сертификат на име на инспектор кој обуката ја реализирал во целост.

Воедно утврдено е дека и покрај вонредната состојба предизвикана од вирусот COVID-19, генеричките обуки од Годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2021 година се реализирале преку ЛМС платформата за електронско следење на обуки и овозможување на потребните неопходни познавања како и подобрување на професионалните и стручните компетенции на инспектрорите.

Овластената внатрешна ревизија за Инспекциски совет нема вршено ревизија на системите за внатрешни контроли при планирање и реализација на потребните генерички обуки на инспектори спроведени во Инспекциски совет.

Ревизијата беше планирана да се изврши во периодот од месец ноември 2022 година, но поради дополнителни активности доделени во Агенцијата за храна и ветеринарство и настанато отсуство од работа за ради боледување, ревизијата е пролонгиранаво месец декември 2022 година. Планирани се активности во секторот за обуки, поврзано со активности за планирање и реализирање на генерички обуки и потреби од обуки за постигнување на профисионален развој на инспекторите, од тим на одделението за внатрешна ревизија на Агенцијата за храна и ветерирнарство во состав:

- Виолета Јовановска, раководител на одделение за внатрешна ревизија

Одговорноста на ревизорот е да го согледа системот на пропишаните акти воспоставени интерни контроли при носење на соодветни мислења, нивна примена и информирање на Владата за работењето и овозможување на надградувување на основните компетенции и вештини на инспекторите во инспекциските служби во РСМ и даде оценка на системот врз основа на добиените ревизорски докази, а таквата постапка вклучува и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен весник на РМ“бр.9 0/09, 188/13 и 192/15) и донесените под законски акти за финансиско управување и контрола, Повелбата за внатрешна ревизија, Етичкиот кодекс на внатрешните ревизори, Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на РМ“ бр.136/2010).

За ревидираниот период, воспоставувањето и обезбедување на соодветна пропишана регулатива, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано е од:

**м-р Магдалена Филиповска Грашкоска**, Претседател на Инспекциски совет од 03.08.2017 година до 18.04.2022 година, и

**Даниела Рендевска**, Претседател на Инспекциски совет од 19.04.2022 година и сега.

Ова одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола при пропишување, постапување и известување за стручно усовршување и обука на инспекторите од областа на генерички обуки на инспектори од инспекциските служби, што е релевантно за објективно прикажување на веродостојни и релевантни податоци за спроведените мерки и активности согласно пропишаната регулатива, и воспоставени политики и пракси во Инспекциски совет.

## 2. Опис на процесот на планирање и реализација на генерички обуки на инспектори од инспекциските служби

Врз основа на Законот за инспекциски надзор, Инспекцискиот совет односно градоначалникот, најдоцна до 30 јуни во тековната година донесува Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за наредната година.

За спроведување на програмата Советот воспоставува внатрешна организациона единица за поддршка на обуката на инспекторите од инспекциските служби.

Директорите односно раководителите на инспекциската служба најдоцна до 30 ноември во тековната година донесува Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор во наредната година. Во Годишниот план на инспекциските служби се вклучени најмалку три генерички обуки од Годишната програма за генерички обуки на инспекторите.

Обуките од програмата можат да се реализираат на класичен начин во училница или со користење на електронска платформа за учење која овозможува два начина за on-line учење во живо или преку самостојно учење.

Средствата за реализација на програмата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија односно единиците на локалната самоуправа, наменски предвидени и распределени во буџетските ставки.

Подготовката и реализацијата на Годишната програма за генерички обуки на инспекторите е со цел постигнување на високи перформанси и понатамошен професионален развој и компетентност на инспекторите во инспекциските служби.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани со надлежните во Инспекцискиот совет. Резултатите од спроведената внатрешна ревизија беа презентирани на завршен состанок одржан на ден 28.12.2022 година во ИС. Од страна на надлежните во ИС констатираните состојби беа потврдени со забелешка дека планираат доуредување на пропишаната регулатива со точно прецизирање на мерки и активности од пропишаниот процес за непречена обука на инспекторите.

## 3.1 Внатрешни контроли при спроведување на активности и мерки при планирање и реализација на генерички обуки на инспектори од инспекциски служби

При спроведување на внатрешната ревизија во однос на пропишаната регулатива и донесените акти утврдено е дека во член 49 и член 50 со донесениот ЗИН пропишано е стручно усовршување и обука на инспекторите преку спроведување на генерички обуки со носење на Годишна програма за генерички обуки на инспекторите и Годишен план за стручно усовршување и обука на секој инспектор во наредна година.

Во пракса се применува односно воспоставен е целосно нов систем за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво преку планирање, организирање и спроведување на генерички обуки потребни за континуиран развој на професионални и компетентни инспектори како основа за успешно спроведување на законските и подзаконски акти во државата, а со тоа зајакнување на капацитетите на државната администрација како еден од клучните предуслови во евроинтеграциските процеси на државата.

Во рамките на ревидираната област во однос на разгледаната доставена документација за планирање, организирање и спроведување на обуки за инспектори за 2021 година утврдени се следните состојби:

3.3.1 Во пракса во Инспекциски совет се спроведуваат активности за планирање, организирање и спроведување на генерички обуки со носење на Годишна програма за генерички обуки на инспекторите на годишно ниво но нема точно пропишана интерна процедура или упатсво со кои детално ќе бидат опишани сите фази од планирање до реализирање на генеричките обуки со точно утврдени насоки за постапување, периоди за спроведување на одредени активности, извори на податоци за квалитено спроведување на анализи за неопходни потреби од одредени обуки, услови за обезбедување на соодветен едукативен кадровски капацитет, одговорности и овластувања на надлежните во Инспекциски совет и надлежните инспекциски служби вклучени за непречено, ефикасно и ефективно спроведување на планираните обуки. Воедно врз основа на Годишната програма, инспекциските служби донесуваат Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секој инспектор за наредната година за кој имаат обврска согласно ЗИН да го донесат најдоцна до 30 ноември во тековната година за наредна година, но никаде не е пропишано каде и дали треба да се достави донесениот Годишен план. Во пракса одредени инспекциски служби го доставуваат Годишниот план до Инспекциски совет, но не сите.

**Препорака 1**

Потребно е надлежните во Инспекциски совет да подготват интерни акти (, процедура или упатсво) со кои детално ќе биде опишан целокупниот процес од планирање до реализација на севкупните активностите за генеричките обуки на

инспектори од инспекциските служби со дадени насоки, овластувања и одговорности на надлежните во Инспекциски совет и надлежните инспекциски служби, како и доуредување на пропишаната регулатива со точно прецизирање на мерки и активности од пропишаниот процес за непречена обука на инспекторите и економично користење на буџетските средства.

Изготвил:
Раководител на одделение
за внатрешна ревизија,

Виолета Јовановска